**907.**

Врз основа на член 30 став 1 алинеи 1 и 6 од Законот за трговија (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.77/21, 215/21, 295/21, 150/22 и 16/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ТРГОВИЈАТА НА ОДДЕЛНИ СТОКИ И ОБВРСКА НА ТРГОВЦИТЕ ДА ПРИБАВУВААТ И ПРОДАВААТ ОПРЕДЕЛЕНИ ВИДОВИ И КОЛИЧЕСТВА НА ОДДЕЛНИ СТОКИ НА ПОТРОШУВАЧИТЕ СПОРЕД ОПРЕДЕЛЕН РЕДОСЛЕД**

Член 1

Со оваа одлука се определуваат посебните услови за трговија и обврската на трговците кои претставуваат правни и физички лица кои се регистрирани за вршење дејност производство и за вршење дејност трговија на големо и на мало во соодветен регистар согласно со закон, да ги прибавуваат и продаваат следните стоки:

1) бел и полубел леб, векна, индустриски тип од 350 г до 500 г (цел и на парчиња), со исклучок на свежо печен леб во маркетите;
2) брашно пченично, тип 400 во пакување од 1 кг до 2 кг;
3) брашно пченично, тип 500 во пакување од 1 кг до 2 кг;
4) трајно кравјо млеко (освен органско млеко и млеко со додатоци) со масленост од 2,8%, 3,2% и 3,5%, во пакување од 1 л;
5) јогурт од кравјо млеко обичен, без додатоци, со масленост од 2,8% до 3,2%, во пакување од 1 кг и 1,5 кг;
6) кисело кравјо млеко (обично, без додатоци) со масленост од 2,8% и 3,2 %, во пакување од 300 г до 500 г;
7) свежи јајца од кокошка;
8) масло за јадење од сончоглед;
9) масло (путер), индустриски произведен, во пакување од 250 г;
10) маргарин (обичен), во пакување од 250 г;
11) шеќер кристал бел;
12) ориз бел, во пакување од 900 г до 1 кг;
13) печени пекарски производи (ѓеврек обичен, бурек со месо и сирење, баничка со месо и сирење, симит погача и лисната кифла, обична и со сирење);
14) бисквити, „Petit Beurre" и бисквити обични од 300 г до 500 г;
15) тестенини (макарони и шпагети од тврда пченица) без и со јајца од 500 г (без додатоци);
16) месо, јунешко, без коски, од бут или некој друг дел (свежо и замрзнато);
17) месо јунешко со коски (свежо и замрзнато);
18) месо, свинско, без коски, од бут или некој друг дел (свежо и замрзнато);
19) месо, свинско со коски (свежо и замрзнато);
20) мелено месо јунешко и мешано;
21) јагнешко месо;
22) пиле (свежо и замрзнато) цело;
23) пилешки стек (свеж и замрзнат);
24) пилешки копан со надкопан (свеж и замрзнат);
25) пилешки копан (свеж и замрзнат);
26) пилешки надкопан (свеж и замрзнат);
27) салама, шункова во пакување од 300 г до 900 г (без слајс пакување);
28) чаен колбас, од свинско месо (без додатоци и без слајс пакување);
29) чаен колбас, од говедско месо (без додатоци и без слајс пакување);
30) пилешка посебна салама во пакување од 300 г до 900 г (без слајс пакување);
31) паштета од џигер и пилешка (кокошја), во пакување од 95 г и 100 г (без додатоци);
32) замрзната риба Ослиќ;
33) свежа риба пастрмка;
34) свежа риба крап;
35) павлака од кравјо млеко, кисела, со масленост од 12% до 20%, во пакување од 180 г до 400 г;
36) урда;
37) традиционално кравјо бело сирење (без додатоци);
38) традиционално мешано бело сирење (без додатоци);
39) традиционално овчо бело сирење (без додатоци);
40) традиционален кравји кашкавал (без додатоци);
41) традиционален мешан кашкавал (без додатоци);
42) зеленчук замрзнат (балканска мешавина), во фолија од 400 г и 450 г;
43) зеленчук замрзнат (златна мешавина), во фолија од 400 г и 450 г;
44) зеленчук замрзнат - пченка, во фолија од 400 г и 450 г;
45) зеленчук замрзнат - грашок, во фолија од 400 г и 450 г;
46) зеленчук замрзнат - боранија, во фолија од 400 г и 450 г;
47) зеленчук замрзнат - брокула во фолија од 400 г и 450 г;
48) зеленчук замрзнат - спанаќ во фолија од 400 г и 450 г;
49) грашок, конзервиран, во пакување од 400 г и 450 г;
50) ајвар од печени пиперки, тегла од 550г до 660 г;
51) краставички, конзервирани, тегла од 680 г до 720 г;
52) печурки маринирани (сецкани), тегла до 720г;
53) маслинки, црни;
54) џем и мармалад;
55) чоколадо млечно обично, во пакување од 80 г до 100 г;
56) кечап;
57) томато сос;
58) мајонез;
59) зачин (вегета, зачинал и сл.);
60) кафе, пржено, мелено, во пакување од 100 г до 200 г;
61) сок кашест (матен) овошен, од разно овошје, во тетрапак од 1 л, 1,5 л и 2 л ;
62) безалкохолни газирани пијалоци (Кока кола, Пепси, Фанта, Швепс битер лемон, Синалко, Газоза, Миринда и сл.) во пакување од 1,25 л, 1,5 л, 1,75 л и 2 л;
63) пиво светло во шише и лименка од 0,5 л;
64) вино бело, црвено и розе во пакување од 0,75 л и 1л;
65) јаболка;
66) лимони;
67) портокали;
68) мандарини;
69) банани;
70) исчистени ореви;
71) грав;
72) кромид;
73) компири;
74) моркови;
75) спанаќ;
76) зелка;
77) краставици;
78) лук;

79) тиквици;
80) домати;
81) пиперки;
82) карфиол;
83) модар патлиџан;
84) леќа;
85) магдонос;
86) брокула;
87) праз;
88) урми сушени;
89) смокви сушени;
90) паста за заби;
91) гел за туширање (машки и женски) од 250 мл;
92) шампон од 400 мл до 800 мл;
93) влажни марамици;
94) тоалетна хартија (двослојна и трослојна);
95) хигиенски влошки;
96) пелени детски, стандардни;
97) бебешки/детски кашички во пакување од 100 г до 200 г;
98) бебешки/детски сок од 125 мл до 200 мл;
99) детергент за машинско перење на алишта од 3 кг;
100) детергент за рачно перење на садови од 400 мл до 500 мл;
101) сапун од 80 г до 100 г и
102) течен сапун.

Член 2

Највисоката бруто профитна маржа за стоките од член 1 од точка 1) до точка 8) од оваа одлука за сите трговски друштва и трговци поединци кои учествуваат во трговскиот ланец се утврдува во вкупен износ до 5 % во трговијата на големо и во вкупен износ до 5 % во трговијата на мало.

Највисоката бруто профитна маржа за стоките од член 1 од точка 9) до точка 64) од оваа одлука за сите трговски друштва и трговци поединци кои учествуваат во трговскиот ланец се утврдува во вкупен износ до 10 % во трговијата на големо и во вкупен износ до 10 % во трговијата на мало.

Највисоката бруто профитна маржа за стоките од член 1 од точка 65) до точка 102) од оваа одлука за сите трговски друштва и трговци поединци кои учествуваат во трговскиот ланец се утврдува во вкупен износ до 15 % во трговијата на големо и во вкупен износ до 15 % во трговијата на мало.

На трговците на мало за производите од член 1 од оваа одлука за кои самите го извршиле увозот им се признаваат и 5% оперативни трошоци за направениот увоз.

Член 3

Трговците за вршење дејност трговија на мало стоките од член 1 од оваа одлука, кои се поставени на полиците, фрижидерите и разладните уреди, треба јасно да ги обележат со натписот „помалку трошоци, повеќе за тебе", кој е објавен на веб - страницата на Министерството за економија и труд.

Член 4

Трговците за вршење дејност трговија на мало имаат обврска стоките од членот 1 од оваа одлука, да ги прибавуваат и продаваат месечно на потрошувачите, во количина од најмалку 70% од количината прибавена во месец јануари 2025 година.

Трговците за вршење дејност производство и за вршење дејност трговија на големо имаат обврска стоките од членот 1 од оваа одлука, да им ги продаваат месечно на трговците за вршење дејност трговија на мало, во количина од најмалку 70% од количината продадена во месец јануари 2025 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се применува до 30 април 2025 година.

Бр. 50-1909/4
18 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**908.**

Врз основа на член 7 од Одлуката за формирање на Национален комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.20/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 февруари 2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ, ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ И СЕКРЕТАР НА НАЦИОНАЛНИОТ КОМИТЕТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ И БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗАМ**

1. За членови, заменици членови и секретар на Националниот комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам се назначуваат:

а) За членови:

- Влатко Вакански - претставник од Министерството за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност,
- Нусрет Синани - претставник од Министерството за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност,
- Игор Јанкулоски - претставник од Министерството за одбрана,
- Николина Микеска Костадиновска - претставник од Министерството за правда,
- Христина Божиновска - претставник од Министерството за правда-Управа за извршување на санкциите,
- Елена Кузмановска - претставник од Министерството за надворешни работи и надворешна трговија,
- Александра Куновска - претставник од Министерството за локална самоуправа,
- Шпенд Бафќари - претставник од Министерството за социјална политика, демографија и млади,
- Сафет Незири - претставник од Министерството за образование и наука,
- Никола Грпчевски - претставник од Министерството за здравство,
- Абдула Јашаров - претставник од Министерството за јавна администрација,
- Марин Деливанов - претставник од Министерството за транспорт,
- Анета Горческа - претставник од Министерството за финансии-Управа за финансиско разузнавање,
- Стефан Димановски - претставник од Министерството за финансии-Управа за финансиска полиција,
- Сашо Ристески - претставник од Министерството за финансии-Царинска управа,
- Сашко Василевски - претставник од Министерството за спорт,
- Бобан Стојановски - претставник од Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија,
- Сами Зеќири - претставник од Агенцијата за разузнавање,
- Катерина Коларевиќ - претставник од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција,
- Трајче Јовановски - претставник од Центарот за управување со кризи,